***Република Македонија***
***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02-1486/2***
***09.02.2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од IX-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 09.02.2007 година во 10:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *Тони Димовски, раководител на Сектор-Буџет во Министерството за финансии- заменик претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *Д-р Страшо Наумовски, претставник на Лекарската комора на Македонија-член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија -член.*

***ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Д-р Љатиф Аљиљи, заменик директор на ФЗОМ*
- *Слаѓана Пешевска, шеф на кабинет (делумно присутна)*
- *Герасим Тренчевски, началник на план и анализа (делумно присутен)*
- *Лазар Трајчев, в.д. пом. директор на Правен сектор*
- *Златко Алексов, претседател на Комисија за јавни набавки(делумно присутен)*
- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол*

- *Христо Трповски- правник*
- *Маја Чемерикиќ, фармацевт (делумно присутна)*
- *Дајана Ѓозева, План и анализа (делумно присутна)*
- *Љубица Димитровска, началник на финансии (делумно присутна)*

*На седницата, во врска со точката 1, присуствуваше проф.д-р Лидија Този, претседател на Фармацевтската комора на Македонија, како и д-р Жан Митрев, повикан од УО и на барање на Клиниката за кардиологија, во својство на образложувач по точките 5 и 6, а кои се однесуваат на Специјалната болница за кардиохирургија ФИЛИП II-Скопје.*

*Пред започнување на седницата и во тек на истата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *Кон точката 4 - Барање од Министерството за здравство бр.05-1791/1 од 08.02.2007 година (ЈЗУ Општа болница Прилеп);*
- *Кон точката 1 - Одговор на барањето мислење бр. 08-1274/3 од 30.01.2007 година од Фармацевтска комора на Македонија;*
- *Кон точката Разно - Барање за покачување на буџетски плафон на ЈЗУ Клиничка Болница Др Трифун Пановски Битола од 10.01.2007 година;*
- *Барање од Мала Богородица-Систина бр.08-667/1 од 10.01.2007 година;*
- *Кон точката 1 - Мислење бр. 10-1806/1 од 08.02.2007 година од Фармацевтската комора на Македонија;*
- *Кон точката 9- копија од остварената средба помеѓу претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Лекарската комора на Македонија, одржана на 10.01.2007 година;*
- *Кон точката Разно - анекс на Планот за јавни набавки во 2007 година на ФЗОМ;*
- *Кон точката 4 - допис од министерот (амбуланта с.Бојане)*
- *Кон точката 4 - Информација во врска со соработката и реализираните проекти меѓу Институтот за радиотерапија и онкологија (ИРО) во Скопје и Меѓународната Агенција за Атомска енергија (МААЕ) во Виена и барање за реализација на донација од ФЗОМ до МААЕ за проектниот циклус 2007-2009 година;*
- *Предлог-правилник за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување;*
- *Статут за измени и дополнување на Статутот на ФЗОМ;*
- *Предлог- правилник за измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Кон точките 11 и 12 -Мислењето на Стоматолошката комора на Македонија по однос на доставените предлог-правилници за измена и дополнување на правилникот за плаќање на здравствените услуги кои вршат примарна и секундарна-специјалистичка дејност.*

*Благовремено, неколку дена пред седницата, на членовите на Управниот одбор им беше доставен:*

- *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањето и обврските со состојба на ден 31.12.2006 година (под т. Разно).*

*Аљбон Џемаили ја отвори седницата, го констатира присуството на сите членови на Управниот одбор, ја констатира и замената на досегашниот член на УО д-р Владо Ванковски со претставникот на Лекарската комора на Македонија д-р Страшо Наумовски (Решение на Влада на РМ бр. 33-729/2 од 06.02.2007 година) и* ***го предложи*** *следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на Записникот од осмата седница на УО, одржана на 22.01.2007 година*

1. *Анализа за донесена Одлука за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт;*

2. *Донесување на Одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Донесување на Програма за инвестициони вложувања за ЈЗУ за 2007;*
5. *Донесување на Одлука за склучување на Договор за пружање на здравствени услуги за детска кардиохирургија за осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Донесување Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за вршење на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата;*
7. *Донесување на Одлука за компензација на рефундирани средства на Фондот од средствата утврдени со Одлука за утврдување на буџетските плафони во ЈЗУ во 2007 година и во ПЗУ од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот;*
8. *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар;*
9. *Донесување на Одлука за авансно финансирање на ПЗУ од примарна здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот;*
10. *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство;*
11. *Донесување на одлука за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени, како и цени на завршените услуги (ортодонција, протетика и орална хирургија);*
12. *Донесување на Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*
13. *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита;*
14. *Донесување на Одлука за поведување на иницијатива за измена и дополнување на Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала( во врска со ограничување на маржата на лековите);*
15. *Иницијатива за донесување на Одлука за покривање на трошоците на осигурените лица кои даруваат крв и при биопсија во ЗУ кои немаат склучено договор со Фондот;*
16. *Иницијатива за донесување на Одлука за распишување на конкурс за радиологија и коскена дензинтометрија, ин-витро фертилизација, магнетна резонанца и мамографија и компјутерска томографија за осигурените лица;*
17. *Разно*

*Управниот одбор едногласно го усвои и утврди следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на Записникот од осмата седница на УО, одржана на 22.01.2007 година*

1. *Анализа за донесена Одлука за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт;*
2. *Донесување на Одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

4. *Донесување на Програма за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2007;*
5. *Донесување на Одлука за склучување на Договор за пружање на здравствени услуги за детска кардиохирургија за осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Донесување Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за вршење на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата;*
7. *Донесување на Одлука за компензација на рефундирани средства на Фондот од средствата утврдени со Одлука за утврдување на буџетските плафони во ЈЗУ во 2007 година и во ПЗУ од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот;*
8. *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар;*
9. *Донесување на Одлика за авансно финансирање на ПЗУ од примарна здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот;*
10. *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство;*
11. *Донесување на одлука за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени, како и цени на завршените услуги (ортодонција, протетика и орална хирургија);*
12. *Донесување на Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*
13. *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита;*
14. *Донесување на Одлука за поведување на иницијатива за измена и дополнување на Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала( во врска со ограничување на маржата на лековите);*
15. *Иницијатива за донесување на Одлука за покривање на трошоците на осигурените лица кои даруваат крв и при биопсија во ЗУ кои немаат склучено договор со Фондот;*
16. *Иницијатива за донесување на Одлука за распишување на конкурс за радиологија и коскена дензинтометрија, ин-витро фертилизација, магнетна резонанца и мамографија и компјутерска томографија за осигурените лица;*
17. *РАЗНО*

*17.1. Предлог-правилник за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување;*
*17.2. СТАТУТ за измени и дополнување на Статутот на фондот за здравствено осигурување;*
*17.3. Предлог- правилник за измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*17.4. АНЕКС на Планот за јавни набавки во 2007 година на ФЗОМ (три позиции);*
*17.5. АНАЛИЗА на структурата на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
*17.6. ИЗВЕШТАЈ од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2006 година.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

***- Усвојување на записникот од Осмата седница на УО, одржана на 22.01.2007 година***

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го усвоија записникот од осмата седница на УО на ФЗОМ, со техничка забелешка од страна на д-р Љубиша Каранфиловски на стр.8 наместо,,пациенти,, да стои ,,осигурени лица,,.*

***ТОЧКА 1*** *- Анализа за донесена Одлука за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт*

*Георги Тренковски и Маја Чемерикиќ дадоа воведно образложение во врска со времено усвоената Одлука за висината на надоместокот во фиксен износ од 15.00 денари по рецепт, за којашто Управниот одбор се одлучи помеѓу двете понудени варијанти, но под услов да се направат подлабоки анализи и за двете варијанти.*

*Маја Чемерикиќ даде паралела помеѓу нас и земјите во светот, каде се оди со дигресивен приод -комбиниран систем: поголема цена-помала маржа и обратно. Фиксната наплата има свои позитивни и негативни страни, на пример, аптеките не требуваат лекови со ниска цена од позитивната листа и се оневозможува ширење на асортиманот, па се доаѓа до занемарување на реалните потреби во однос на снабденоста со лекови од страна на аптеките.*

*Проф.д-р Лидија Този, во својство на претседател на Фармацевтската комора на Македонија, го презентираше ставот на Комората којашто , од нивните пресметки на теренот, смета дека 15.00 денари од рецепт е помалку од потребното, но според ситуацијата на Фондот, прифатливо решение е 20.00 денари по рецепт, со скалест систем на исплата.*

*Поддршка на скалестиот систем даде и д-р Љубиша Каранфиловски. М-р Маријана Лончар Велкова дискутираше во насока во одреден временски интервал да остане во сила Одлуката со фиксен износ од 15.00 денари,како заеднички став на стручната служба и УО на ФЗОМ, а во меѓувреме да се формира работна група, составена од лица од Фармацевтската комора на Македонија и Фондот за здравствено осигурување, што ќе ги преиспита сите можни алтернативи, со зголемена контрола врз работата на аптеките од страна на Фондот и преиспитување на сите можни импликации врз Буџетот на Фондот.*
*Трајче Леов ја потврди донесената Одлука на осмата седница на УО на ФЗОМ(со времен карактер) и се согласи со предлогот на м-р Маријана Лончар Велкова.*

*После обемната дискусија Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ донесе Одлука за усвојување на анализата и потврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт, во висина од 15.00 денари.***
2. ***Во наредниот период Фондот да формира работна група составена од претставници на Фармацевтската комора на Македонија и претставници на Фондот, со задача да изготват дополнителна анализа, со можни импликации врз Буџетот на Фондот.***

***ТОЧКА 2-*** *Донесување на Одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лазар Трајчев образложи дека оваа предлог-одлука трпи промени само од техничка природа.*

*Членовите на УО на ФЗОМ ги прифатија промените и едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Одлука  за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки, паста и пудра, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***

***ТОЧКА 3-*** *Донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Предлог-одлуката ја образложи Лазар Трајчев.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***

***ТОЧКА 4 -*** *Донесување на Програма за инвестициони вложувања во ЈЗУ за 2007 година*

*Георги Тренковски објасни дека на барање на Министерот за здравство и Заклучокот на Влада на РМ, се наметнува потребата од ургентно санирање на состојбите во поединечни сегменти од здравството, како би се овозможило непречено и поквалитетно давање на услугите, а во интерес на осигурениците-пациенти, и тоа:*

***а) Универзитетски клинички центар-Скопје:***
- *КАРИЛ (набавка на опрема);*
- *Хипербарна комора;*
- *Клиника за психијатрија (санитарни јазли);*
- *Клиника за ендокринологија (набавка на опрема);*
- *Кардиохирургија ;*
- *Клиника за неврохирургија (набавка на опрема);*
- *Клиника за онкологија (набавка на опрема)*
- *Клиника за детски болести (реконструкција на амбулантски простор)*

***б) Здравствен дом Тетово:***
- *Изградба на амбуланти во с.Сарачино и с.Туденце;*
- *Довршување на амбуланта во с.Туденце;*
- *Довршување на амбуланта во с.Сарачино;*

***в) Здравствен дом Скопје:***
- *Изградба на амбуланта во с.Радуша;*
- *Изградба на амбуланта во с.Бојане;*

***г) Клиника за максилофацијална хирургија:***
- *Операционен тракт;*

***д) Специјална болница за хируршки болести-Скопје:***
- *Реконструкција на хируршки блок;*

***е) Општа болница Прилеп:***
- *Доградба на инфективно одделение.*

*Герасим Тренчевски објасни дека при изготвување на Програма за инвестициони вложувања за ЈЗУ за 2007 година во предвид се земени планирани средства за оваа намена. Тој потсети дека утврдувањето на приоритетите за инвестиционите вложувања*

*во ЈЗУ се во надлежност на Министерството за здравство, кое дава согласност на Програмата што претходно ја утврдува УО на ФЗОМ.*

*Дискутираа: Трајче Леов, м-р Маријана Лончар Велкова (го уважува барањето за Општата болница Прилеп, со обврска на стручните служби да побараат информација за извршената ревизија, како и образложение за цените на санацијата), д-р Страшо Наумовски и Тони Димовски.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ ја усвои Програмата за инвестициони вложувања за ЈЗУ за 2007 година.***
2. ***Реализацијата на Програмата да се извршува со претходно обезбедена документација за извршената инвестиција и извештај на стручната служба.***
3. ***Доколку се јават нови приоритети, по барање на Министерот за здравство да може да се изврши и дополнување на Програмата.***
4. ***Во Програмата за инвестициони вложувања за ЈЗУ во 2007 година да се изврши измена во висина од 3.750.633 денари за изградба на амбуланта во с.Бојане.***

***ТОЧКА 5***- *Донесување Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за вршење на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата*

*Директорот Георги Тренковски даде кусо образложение за потребата од склучување договори за вршење на здравствени услуги во оваа сфера.*

*Д-р Жан Митрев, во контекст на веќе склучениот договор со Фондот од 2000 година, напомена дека не е ревидиран подолг временски период и не во склад со современите економски токови. Со него не се опфатени сложените случаи кои бараат комплетен третман, вон од веќе договорените услуги, а тука е и конзилијарното мислење што го дава Клиниката за кардиологија.*

*Лазар Трајчев објасни дека со оваа предлог-одлука, на предлог на Клиниката за кардиологија и Специјалната болница Филип Втори, се елиминира конзилијарното мислење, а се друго останува со слични цени за услугите и почитување на предвидениот буџет, со редовни и квартални контроли од страна на Фондот.*
*Во дискусијата учествуваа: Трајче Леов и д-р Љубиша Каранфиловски.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за вршење на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата.***

***ТОЧКА 6-*** *Донесување на Одлука за склучување на Договор за пружање на здравствени услуги за детска кардиохирургија за осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот даде воведно образложение како во точка 6 за потребата од донесување на оваа Одлука, особено кога се работи за најмладата популација-децата. Се зголемува бројот на пациентите заболени од кардиоваскуларни болести, а од друга страна со воведување на визи ,отежнато е лекувањето во странство.*

*Трајче Леов, поради наследениот буџет кој не е креиран од сегашната гарнитура а во интерес на осигурениците, предложи да се намали цената за детска кардиохирургија по осигурено лице на 4.700 Е.*

*Членовите на УО на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ донесе Одлука за склучување на Договор за пружање на здравствени услуги за детска кардиохирургија за осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, по добиена согласност од Министерството за здравство за условите во однос на простор, кадар и опрема.***
2. ***Цената на чинење на услугата за детска кардиохирургија по завршена операција по пациент изнесува 4.700 Е.***

***ТОЧКА 7-*** *Донесување на Одлука за компензација на рефундирани средства на Фондот од средствата утврдени со Одлука за утврдување на буџетските плафони во ЈЗУ во 2007 година и во ПЗУ од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот*

*Лазар Трајчев ја образложи потребата од оваа предлог-одлука. При лимитирани буџетски плафони на ЈЗУ, ограничени на годишно ниво со постоечката регулатива, би се вршела компензација на сите рефундирани средства од страна на Фондот од средствата утврдени во буџетските плафони (со нивно минусирање од буџетот на ЈЗУ).Со ова ќе се стимулира снабденоста на ЈЗУ со лекови и медицински потрошни материјали.*

*Притоа, во дискусијата што се наметна и во која учество зедоа Трајче Леов, м-р Борис Јосифовски и м-р Маријана Лончар Велкова, се отвори прашањето за* ***инвестирање во јавна едукација на осигурениците, како би биле од прва рака запознати со остварување на правата што произлегуваат од ЗЗО.***

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Одлука за компензација на рефундирани средства на Фондот од средствата утврдени со Одлука за утврдување на буџетските плафони во ЈЗУ во 2007 година и во ПЗУ од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот.***

***ТОЧКА 8-*** *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Во однос на овој предлог-правилник Лазар Трајчев објасни дека на овој начин се овозможува , во рамки на иста здравствена установа да функционираат повеќе*

*лекарски тимови, како и лабораториски тимови, а плаќањето се врши по тим, со што всушност се стимулира зголемување на вработувањата и подобрување на квалитетот на здравствените услуги.*

*УО на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на лабораториски испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар.***

***ТОЧКА 9-** Донесување на Одлука за авансно финансирање на ПЗУ од примарна здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот*

*Оваа предлог-одлука е од круцијален интерес да им се помогне на концесионерите во овој период, а подоцна со примена на капитациониот модел, поинаку ќе се регулира- образложи директорот на Фондот, Георги Тренкоски. Во таа насока е и потпишаниот меморандум за соработка помеѓу Лекарската комора на Македонија и ФЗОМ, во кој Лекарската комора се јавува како партнер што ги прифаќа реформите во здравството, а капитациониот модел останува предмет за разгледување за наредната 2008 година.*

*Д-р Страшо Наумовски исказа задоволство од конструктивната соработка и разбирањето на проблемите на концесионерите од страна на Фондот, а во интерес и на лекарите и на осигурениците, со забелешка , во споменатата предлог-одлука, да се прецизира со датум авансното финансирање од 40.000 денари по концесионер(од 01.01.2007) и , во член 1, да се направи корекција во насока да нема ограничување само ,, за оние што имаат склучен договор со Фондот,, , туку да важи за сите.*

*Тони Димовски се спротивстави на овој предлог поради правниот аспект околу основот на исплата, д-р Љубиша Каранфиловски, м-р Маријана Лончар Велкова, Трајче Леов (менаџерскиот тим да апелира до МЗ за поургентно завршување на работите за концесионерите во делот на МЗ) и Лазар Трајчев (со оваа предлог-одлука авансирањето е за месеците февруари и март).*

*Членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Одлука за авансно финансирање на ПЗУ од примарна здравствена заштита кои имаат склучено договор со Фондот.***

***ТОЧКА 10 -** Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство*

*Лазар Трајчев ги образложи измените во Правилникот кои се однесуваат на следното: наместо ,,конзилијарно мислење,, сега се оди со ,,предлог за упатување на лекување во странство,, , со ограничен рок на важење од три месеци и се допрецизирана постапка за лекување во странство.*

*Вниманието на членовите на УО беше насочено во делот на обезбедување на профактурата од странската здравствена установа , поради одбегнување на злоупотреби. Дискутираа: м-р Маријана Лончар Велкова и д-р Страшо Наумовски.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурените лица во странство.***

***ТОЧКА 11 -*** *Донесување на одлука за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени, како и Цени на завршените услуги и*
***ТОЧКА 12-*** *Донесување на Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*

*Точките 11 и 12, заради поврзаноста на проблематиката што ја третираат, беа предмет на заедничко разгледување.*

*Лазар Трајчев и заменик директорот Љатиф Аљиљи, објаснија дека се работи за истите материјали разгледувани и на претходната седница, со што се утврдува методологијата и цените за завршени здравствени услуги.*

*На оваа тема дискутираше д-р Љубиша Каранфиловски кој посочи дека треба да се размислува за цената на завршената услуга,за можноста партиципацијата да остане дел од приходот на ординацијата, како и специјалистичко-консултативната дејност да не биде условена со упат од страна на матичен лекар за услугите содржани во договорот со Фондот.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ донесе Одлука за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени, како и Цени на завршените услуги.***
2. ***УО на ФЗОМ го донесе Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита.***

***ТОЧКА 13 -*** *Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита;*

*Лазар Трајчев образложи дека оваа точка е ставена на дневниот ред како алтернатива на точката 12, за разрешување на дилемата дали овој Правилник треба да се третира како дел од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита или да фигурира како посебен акт.*

*Членовите на УО се изјаснија да остане како посебен акт, според тоа точката 13 се брише.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Точката 13 се брише, со оглед дека беше дадена како алтернатива на точката 12.***

***ТОЧКА 14 -*** *Донесување на Одлука за поведување на иницијатива за измена и дополнување на Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала (во врска со ограничување на маржата на лековите)*

*Иницијативата на Фондот за ограничување на маржата на лековите, беше поздравена од членовите на УО како позитивна и со неа се врши законско ограничување на маржата на правните лица што вршат промет на големо со лекови и нејзино усогласување со решенијата во земјите на ЕУ (од 5% до 11%).*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Одлука за поведување на иницијатива за измена и дополнување на Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала .***

***ТОЧКА 15 -*** *Иницијатива за донесување на Одлука за покривање на трошоците на осигурените лица кои даруваат крв и при биопсија во ЗУ кои немаат склучено договор со Фондот*

*Директорот на Фондот и Лазар Трајчев објаснија дека, во услови на лимитирани договори со приватните болници, иницијативата е во интерес на осигурените лица и подразбира изнаоѓање на начин (правен модус) преку склучување на договори со ЗУ, да се покриваат трошоците на осигурените лица кои даруваат крв или при биопсија, што од друга страна би значело намалување на буџетот на Заводот за трансфузиологија за износот предвиден со договорот.*

*Во дискусијата зедоа учество: Трајче Леов (да се воспостави дијалог на релација трансфузиологија-МЗ-ФЗОМ како би се направила анализа на манипулативните трошоци за крвта) и Герасим Тренчевски.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ ја поддржа иницијативата за донесување на Одлука за покривање на трошоците на осигурените лица кои даруваат крв и при биопсија во ЗУ кои немаат склучено договор со Фондот.***
2. ***Донесувањето на одлуката ја одложи за следната седница.***

***ТОЧКА 16*** *– Иницијатива за донесување на Одлука за распишување на конкурс за радиологија и коскена дензинтометрија, ин-витро фертилизација,магнетна резонанца и мамографија и компјутерска томографија за осигурените лица*

*И оваа иницијатива наиде на поддршка од членовите на УО, со тоа што самото донесување на одлуката се praместува за следната седница.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ ја поддржа иницијативата за донесување на Одлука за распишување на конкурс за радиологија и коскена дензинтометрија, ин-витро фертилизација,магнетна резонанца и мамографија и компјутерска томографија за осигурените лица.***
2. ***Донесувањето на одлуката ја одложи за следната седница.***

***ТОЧКА 17 -РАЗНО***

***17.1.****Предлог-правилник за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека измената е во функција на олеснување на процедурата во случаи на промена на матичен лекар. Се дава можност да се изврши промена во соодветна ПС, со обврска на ПС да го извести матичниот лекар за промената, при што се поднесува лична изјава и копија од личната карта.*

*Дискутираа: М-р Маријана Лончар Велкова, д-р Страшо Наумовски и Георги Тренкоски.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Правилник за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено Осигурување.***

***17.2.****СТАТУТ за измени и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување*

*Во согласност со измените во Законот за здравствено осигурување се јавува потребата од измени и дополнувања на Статутот на ФЗОМ.*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе СТАТУТ за измени и дополнување на Статутот на фондот за здравствено осигурување.***

***17.3.***_Предлог- правилник за измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија_

*Овој предлог-правилник ги следи потребите од ново преструктуирање на одредени сегменти во организацијата и систематизацијата на работните места во Фондот.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***

***17.4.***_АНЕКС на Планот за јавни набавки во 2007 година на ФЗОМ (три позиции)_

*Планот за јавни во 2007 година на ФЗОМ, со овој Анекс трпи дополнувања за три позиции: Интернет услуги (позиција која трпи измена), IP/VPN (so MPLS) услуга и Интернет систем.*

*Управниот одбор на Фондот едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ го усвои АНЕКСОТ на Планот за јавни набавки во 2007 година на ФЗОМ.***

***17.5.*** *АНАЛИЗА на структурата на Буџетот на Фондот за 2007 година*

*На барање на УО на Фондот од минатата седница, стручната служба ја подготви Анализата на структурата на Буџетот на Фондот за 2007 година.*
*Подготвителните активности за проектираниот Буџет за 2007 се започнати во јуни 2006 година( не во овој состав) , што е вообичаена и усвоена процедура, па оттука еден од приоритетите на новата Влада е со проекција на буџетот за наредната година да се започне во март 2007, со разработена стратегија и визија за три години однапред.*

*Дискутираа: Тони Димовски, м-р Маријана Лончар Велкова (забележа дека нема усогласување на проекциите со реализацијата), д-р Љубиша Каранфиловски, Георги Тренкоски и Герасим Тренчевски.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Уо на ФЗОМ ја усвои АНАЛИЗАТА на структурата на Буџетот на Фондот за 2007 година, со можност за пренамена на средствата и нивно прелевање од ставка во ставка.***
2. ***Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување побара од стручните служби на Фондот да се формира работна група што ќе го информира УО за текот на подготвителните активности во насока на проектирање на буџетот за 2008 година, со постојани консултации на релација Фонд-МЗ-МФ.***

***17.6.*** *ИЗВЕШТАЈ од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2006 година*

*Дајана Ѓозева, во својство на претседател на Пописната комисија, даде кусо образложение во врска со Извештајот, како акт на усогласување на стварната и книговодствена состојба на основните средства, побарувањата и обврските, заклучно со 31.12.2006 година.*

*Дискутираа Тони Димовски и м-р Маријана Лончар Велкова во насока на преземање на активности за подобрување на евиденцијата и балансно покривање на средствата.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ го усвои ИЗВЕШТАЈОТ од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2006 година.***

*Управниот одбор заврши со својата работа во 16:00 часот.*

***Записничар,***
*Мирјана Масевска*

***Управен одбор,***
***претседател,***
***Аљбон Џемаили***